

ЗБИРКА НА СТУДИИ НА СЛУЧАИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ

РАЗБИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ ЗА НОВ ЗАКОН

ЈУЛИ, 2026 ГОДИНА

KONEKT ymca CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC



ВОВЕД

ЗОШТО ЗАКОНОТ Е ВАЖЕН

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПОЛОВИНА ОД ГРАЃАНИТЕ И БИЗНИСИТЕ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ДОНИРААТ.
ДАНОЧНИТЕ ОСЛОБОДУВАЊА ЗА 2/3 ОД БИЗНИС СЕКТОРОТ СЕ ЗНАЧАЕН МОТИВ ЗА ДА ДОНИРААТ.
ДОНАЦИИТЕ КОИ СЕ ЗА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ГО ПОМАГААТ РАЗВОЈОТ Е НЕСООДВЕТНО ДА СЕ ДАНОЧАТ.

Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД) е најзначаен закон од којшто зависи унапредувањето на филантропијата во Република Северна Македонија. Неговата цел е да ги поттикне донациите преку даночни ослободувања за донаторите. Иако ЗДСЈД нуди широка рамка и низа олеснувања, комплицираните административни постапки често ги одвраќаат донаторите, што во споредба со други земји го прави пример за несоодветна регулатива.

„Конект“, од своето основање во 2008 година, активно застапува измена на овој закон. Низ нашите анализи, јавни расправи и консултации, континуирано работиме со институциите, бизнисите, граѓанските организации, граѓаните, меѓународната заедница и експертите. Сите сме сложни за тоа дека време е за ново законско решение во корист на сите.

Со новиот закон, институциите ќе се ослободат од непотребниот административен товар, а дигитализацијата ќе го намали човечкиот фактор и ќе ја зголеми безбедноста на системот. Бизнисите, особено малите и средните претпријатија, на лесен начин ќе можат да донираат без дополнителни даночни давачки. Граѓаните и семејствата конечно активно ќе ги користат даночните олеснувања, со што ќе донираат повеќе. Од друга страна, граѓанските организации (ГО) и останатите приматели, во времиња на финансиски кусок, ќе добијат можност однапред да бидат препознаени како транспарентни корисници за кои следуваат даночни олеснувања и тоа да го користат во привлекувањето повеќе донации. Ова е од особено значење и за нашата Мрежа за финансиска одржливост на ГО со 133 членки како и за Клубот на одговорни бизниси којшто ги поддржуваат ГО.

Оваа публикација произлезе од анализа на реални и документирани случаи од досегашната примена на ЗДСЈД, што ги прибираме директно од корисниците. Издвоивме 16 урнеци што се повторуваат и во оваа збирка се прикажани како студии на случаи. На тој начин ги прикажуваме вистинските предизвици и дилеми во имплементацијата на законот, а на носителите на одлуки им нудиме долгоочекувани решенија со потенцијал да го поддржат одржливиот развој на земјата. Ги повикуваме сите заинтересирани страни да се приклучат во дијалогот за паметно донирање што очекуваме новиот закон да го овозможи.

www.konekt.org.mk konekt@konekt.org.mk 02/3224-198 @konekt.ngo Konekt ⓕ

Со почит,
Никица Кусиникова, извршна директорка на Конект
Виктор Мирчевски, програмски директор на Конект

Збирката на случаи е подготвена во рамки на проектот „Промени за одржливост“ што го спроведува здружението Конект во партнерство со Младинска Асоцијација ИМКА. Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на здружението „Конект“ и „Младинската Асоцијација ИМКА“ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.




Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ИСТА ДОНАЦИЈА, РАЗЛИЧНИ АРШИНИ

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на животна средина

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?



Трговско друштво А донирало 600.000 денари на здружение на граѓани Б за пошумување и унапредување на животната средина во Општина Центар. Во договорот за донација е наведено дека здружението има обврска со паричните средства од донацијата да изврши набавка на садници за пошумување. Здружението добило позитивно решение од Министерството за правда, со претходно мислење од Министерството за животна средина, со што е потврден јавниот интерес.

Од средствата:

- 400.000 денари се искористени за набавка на садници од компанија В.
- 130.000 денари за превоз на ангажираните лица преку компанија Г.
- 70.000 денари за организација и надзор на пошумувањето од компанија Д.

За сите активности се издадени фактури со пресметан ДДВ.

Како што бара постапката , здружението доставило фактури, докази за уплата на ДДВ и решение од Министерството за правда до Министерството за финансии, за на компаниите да им биде вратен платениот данок.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Министерството за финансии одобрило поврат на ДДВ само за компанијата В, која испорачала садници – директно наведени во договорот за донација.


Барањата на компаниите Г (превоз) и Д (организација и надзор) биле одбиени.

Причина: договорот предвидувал средствата да се користат исклучиво за набавка на садници, па другите трошоци не се сметале за намена утврдена со донацијата.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Три компании (В, Г и Д) преку систем за електронска фактура ќе можат да издадат фактура без ДДВ доколку примателот е регистриран во електронскиот регистар за приматели на донации за активности од јавен интерес.
Наместо долга постапка и поврат на веќе уплатен ДДВ ова ќе трае неколку минути.

ПРЕДИЗВИК: Дефиницијата за тоа што е јавен интерес е предмет на широко толкување и различни одговорни службеници можат да имаат различно толкување за ист случај.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ПОВЕЌЕ ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ДОНАТОРИ, ПОДОБРО ЗА СИТЕ

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Поддршка на локалниот и инфраструктурен развој

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Општината А, за реализација на проект за реконструкција на основно училиште на нејзината територија во 2015 година добила како донација определен износ на парични средства од правното лице Б од истата општина како и од странското физичко лице В.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Правното лице Б искористило даночно олеснување за донацијата, бидејќи износот не надминувал 5% од приходите.

Согласно членот 19 од Законот за донации и спонзорства , во рок од 30 дена доставило извештај до УЈП со потребните документи: договор за донација, решение за јавен интерес донесено од Министерството за правда и потврда за примена донација.

Дополнително, кон даночниот биланс за 2015 година приложило истите документи и доказ за уплата на средствата.

За разлика од него, странското физичко лице В кое со дадената донација сакало само да помогне во создавањето на подобри услови за учење на учениците од училиштето во кое пред многу години неговите родители го завршиле образованието, не доставило извештај, сметајќи дека со уплатата на донацијата административните обврски се завршени.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Во ставот 1 од членот 19 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности предвидува дека извештај за дадена донација мора да достават и странските физички лица како даватели.

Во новото решение извештаите ќе бидат обврска на примателите на донации, а не на донаторите. Дополнително ќе се овозможи примателите кои добиле донации над одреден праг во своите јавни извештаи да приклучат транспарентна информација за користењето на донациите.

ПРЕДИЗВИК: Административен товар на странските и домашни лица – даватели на донација

ЗА КОНЕКТ

Конект посветено работи работи на поттикнување на филантропијата и општествена одговорност и е клучната алка за поврзување на донаторите со граѓанскиот сектор за создавање на позитивно влијание во општеството.

Проектот „Промени за одржливост“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, а спроведуван од здружението Конект во партнерство со Младинската Асоцијација ИМКА. Проектот придонесува граѓанските организации (ГО) да се справуваат со предизвикот на финансиска одржливост преку:

- обединување на 133 ГО во Мрежа за финанскика одржливост што застапува за подобри политики и закони што ќе овозможат постабилни и посилни граѓански организации.
- низа обуки, менторска поддршка и алатки наменети за граѓанските организации.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ГРАЃАНИТЕ ЌЕ ДОНИРААТ ПОВЕЌЕ АКО МОЖАТ ЛЕСНО ДА ГО ОСЛОБОДАТ ДАНОКОТ

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Почисто Скопје

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Граѓанин од Скопје во февруари 2016 година донирал 5.000 денари на еколошко здружение што презема и застапува за мерки за почисто Скопје. Донацијата ја уплатил на денот на склучување на договорот. Добил решение од Министерството за правда за јавен интерес и потврда за примена донација од здружението.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Граѓанинот во 2016 година имал само приходи од плата и затоа не поднел годишна даночна пријава („ПДД-ГДП“) во законскиот рок.
Со тоа не ја прикажал донацијата и ја пропуштил законската можност за даночно олеснување.
Законот предвидува дека давателот на донација има право на намалување или враќање на данок на личен доход во висина на донацијата, но не повеќе од 20% од износот на неговиот годишен данок на личен доход, најмногу до 24.000 денари.

ЗОШТО ОВА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ НЕ СЕ КОРИСТИ?

За да си го оствари правото, граѓанинот требало кон Годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи заедно со следните документи ЗА СЕКОЈА ПОЕДИНЕЧНА ДОНАЦИЈА:

- копија од договорот за донација;
- копија од Решението за потврдување на јавниот интерес донесено од Министерството за правда по целосно остварена постапка;
- писмена потврда за примената донација и
- доказ за уплатата на средствата.

Извештај за примена/дадена донација

ПРЕДИЗВИЦИ:
Долга и комплексна постапка за даночно ослободување на граѓаните
Граѓаните не се мотивирани да го користат законот
Дополнителни пречки за користење на даночното ослободување

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Измените на законот треба да обезбедат зголемување на степенот на искористеност на даночното поттикнување кај данок на личен доход.

- Едноставен извештај до УЈП со информации за донациите до 31 јануари
- Доказ за уплата на донацијата или потврда за примена донација
- Граѓаните кои примиле донација не подлежат на данок на личен доход
  Пример од Конект за колку оваа измена е значајна: 700 донатори на донаторскиот кружок на Конект ќе донираат повеќе ако знаат дека околу 5-6.000 ден ќе дојдат од нивниот даночен долг. Тоа се над 68.000 EUR донации што ќе помагаат на сограѓани.

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ДАНОЧНИ ПОТТИКНУВАЊА ПО СЕЧИЈА МЕРКА

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на здравјето

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Трговското друштво А, донирало средства за покривање на трошоци за лекување на деца со ретки болести.
Воспоставило контакт и склучило договор со здружение Б за заштита на граѓани кои боледуваат од ретки болести.
По добиено позитивно решение од Министерството за правда за јавен интерес, компанијата како донација уплатила 350.000 денари на сметката на здружението.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Трговското друштво А потпаѓало под поедноставен даночен режим – плаќа годишен данок од 1% на приходот.
Поради тоа немало право на даночно поттикнување за донацијата од 350.000 денари.
Според членот 14 од Законот донации и спонзорства во јавните дејности како и според членот 9 од Законот за данокот на добивка, на даночниот обврзник на данокот на добивка, даночното олеснување (признавање на донацијата како расход до 5% од приходот) важи само за компании во „регуларен“ режим со данок на добивка од 10%.
Доколку трговското друштво А плаќало данок на добивка, наместо годишен данок на вкупен приход, истото ќе имало можност да го искористи предвиденото даночното поттикнување и да плати помал износ на данок на добивка.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Законската регулатива треба да им овозможи даночно поттикнување и на компаниите кои се оданочуваат на годишен вкупен приход, со цел истите да бидат мотивирани да донираат средства.

ПРЕДИЗВИК:
Даночно поттикнување за трговските друштва кои потпаѓаат под поедноставен даночен режим

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

- Измени на Законот донации и спонзорства во јавните дејности и Законот за данокот на добивка, во насока на пропишување на даночно поттикнување за трговските друштва кои потпаѓаат под поедноставен даночен режим
- Прилагодување на образецот „ДБ – ВП“ Годишен данок на вкупен приход

За да се поттикнат донации од трговски друштва во поедноставениот даночен режим, потребно е да се изменат Законот за донации и спонзорства во јавни дејности и Законот за данок на добивка. Со измените би се вовеле даночни олеснувања и за оваа категорија друштва.
Потребно е да се прилагоди образецот „ДБ-ВП“ за годишен данок на вкупен приход, со ново поле преку кое ќе се имплементира пропишаното даночно поттикнување во законот.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ПОВРЗАНОСТА НА СОДРЖИНАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОНАЦИЈА И КОРИСТЕЊЕТО НА ДАНОЧНОТО ПОТТИКНУВАЊЕ КАЈ ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на спортот

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Компанијата А донирала спортска опрема вредна 700.000 денари на спортскиот клуб Б, со цел подобри услови за спортските активности.
Склучен е договор со спортскиот клуб за донираната опрема и компанијата добила решение од Министерството за правда за јавен интерес. Опремата е предадена кон крајот на ноември 2016.
Компанијата во 2016 г. имала приходи од 15.000.000 денари, па според Законот за донации и спонзорства целата донација (700.000 денари) се признава како расход, бидејќи е под законскиот лимит од 5% (750.000 денари).
Компанијата А во даночниот биланс, на полето за „Трошоци за донации согласно Законот за донации и спонзорства“, го впишала износот од 700.000 денари.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Следната година, даночниот орган извршил контрола на компанијата А и утврдил дека договорот за донација со спортскиот клуб Б не содржи одредба за забрана на противисполнувања кон давателот на донацијата.
Поради тоа договорот бил третиран како спонзорство, а не како донација, што пак подразбира дека компанијата А требало да искаже помал износ на име признати расходи во даночниот биланс.
Според Законот, спонзорството се признава како расход до 3% од приходите, наместо 5%.
Со приходи од 15.000.000 денари, максималното поттикнување изнесува 450.000 денари , наместо 750.000 денари.
Компанијата пријавила 700.000 денари, па морала да доплати данок поради погрешно намалена даночна основа.

ПРАКТИЧЕН СОВЕТ

Во договорот за донација компанијата А и спортскиот клуб Б требало да вклучат одредба дека:

- Давателот нема директна корист од донацијата.
- Примателот нема никаква обврска кон давателот.

За тоа можеле да се потпрат на искуства од други договори или да го користат предлог-теркот достапен на www.donirajpametno.mk

ПРЕДИЗВИК: Немање можност за преквалификација на договорот за донација во договор за спонзорство

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

За да не се случи даночниот орган да преквалификува договор за донација во спонзорство поради недостиг на јасна одредба, новиот закон ќе:
Вклучи јасни норми за содржината на договорите
Појасно ќе ја дефинира промоцијата во случаите на спонзорствата



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ДОЛГА ПОСТАПКА НЕСИГУРНИ ДОНАТОРИ

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Поддршка на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Компанијата А, основала фондација Б за поддршка на образованието на студенти од техничките науки. Преку фондацијата доделувала стипендии. Во декември компанијата А склучила договор за донација со фондацијата Б обврзувајќи се да исплати 240.000 денари за стипендии на двајца студенти од технички факултети.

Истовремено, поднела барање до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес на донацијата и го исплатила износот согласно договорот.
Министерството побарало мислење од надлежна институција, но таму имало кадровски промени, па до крајот на годината не било донесено решение за барањето на компанијата А.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

До крајот на финансиската година компанијата А не добила Решение за јавен интерес, па не можела донацијата од 240.000 денари да ја прикаже како признат расход во даночниот биланс. Иако износот не надминувал 5% од приходите, без Решение компанијата не можела да го искористи правото на даночно ослободување.

Членот 21 од ЗДСЈД предвидува постапка кога не се донесува Решение, но поради сложената управна постапка, компанија Б се откажала од намерата да го користи законот повторно.
Дополнително, документирани се случаи каде за повеќе договори за донации за ист предмет се донеле поинакви решенија.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Ако постапката била поедноставна, компанијата А ќе користела даночни олеснувања и ќе била мотивирана да донира.

За 2/3 од компаниите даночните олеснувања се важен фактор за да одлучат дали ќе донираат.
На донаторите им е потребно однапред да знаат дали за донацијата би добиле даночно олеснување.
Новиот закон ќе воведе:

- Регистар на приматели на донации и спонзорства за активности од јавен интерес.
- Едноставна административна процедура, намален товар за институциите.

Можност за донаторите однапред да знаат дека донираат со даночни олеснувања.

ПРЕДИЗВИЦИ:
Долга административна постапка
Ненавремено донесување на решението за потврдување на јавниот интерес
Административен товар за институциите
Правна несигурност дека донацијата ќе ужива даночно олеснување
Обесхрабрени корисници на законот = помалку донирање

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: НЕПРЕДВИДЕНА ПРЕЧКА НА ВЛЕЗ ВО ЗЕМЈАТА

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Промоција на спорт

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение А од областа на спортот, со седиште надвор од Северна Македонија, склучило договор за донација со здружение Б во земјата. Предмет на донацијата била спортска опрема во вредност од 100.000 денари, со цел остварување јавен интерес во спортот.

Бидејќи опремата се увезува од странство, се пресметуваат увозни давачки и ДДВ.
Според Законот за донации и спонзорства, не е предвидено враќање на платениот ДДВ при увоз, иако законот дозволува давател на донација да биде и странско лице.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Лицето кое ја увезува опремата, за што согласно договорот се јавува како примател на донација, ќе ги плати сите увозни давачки кои ќе бидат на негов товар, односно овие платени средства нема да му бидат вратени или доколку не располага со сопствени средствата со кои би го покриле овој трошок истите ќе се откажат од примање на донацијата.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Во случај кога во предметниот закон е предвидено дека странско лице може да биде давател, а домашно лице примател на донација, а каде се исполнети условите според кои се утврдува дека предметната донација е од јавен интерес, примателот на донација не треба да биде оптоварен со обезбедување на средства за увозни давачки.

ПРЕДИЗВИК: Даночниот товар не смее да биде пречка за реализација на донациите, односно потребно е да се обезбедат даночни поттикнувања за донациите од јавен интерес, независно од тоа дали давател на донација е странско или домашно лице, односно дали се врши увоз или набавката се врши во земјата.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Ослободување од данок на додадена вредност при увоз на донирани средства.
Законот јасно предвидува дека давател на донација може да биде и домашно и странско лице. Затоа потребно е да се обезбеди даночно поттикнување и кај ДДВ и другите увозни давачки, кога добрата се увезуваат за остварување јавен интерес. Потребно е да се пропише и јасна процедура за ослободување од овие давачки за донации со јавна намена. Ослободување од данок на додадена вредност и за внатрешен промет, со примена на софтверско решение. Потребно е да се предвиди посебен софтвер кај УЈП, по примерот на странските донации, кој ќе овозможи директно ослободување од ДДВ и за набавени добра и услуги во земјата. Ова е важно бидејќи компании што сами произведуваат добра и ги донираат немаат интерес да платат ДДВ кое подоцна им се враќа. Со вакво решение би се скратила постапката кај Министерството за финансии, што би придонело за побрза процедура, подобра ликвидност кај давателите и примателите на донацијата, а Министерството би заштедило ресурси. УЈП пак би имала посоодветна база за контрола на донациите.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС Е ПОВАЖЕН ОД ФОРМАТА НА ДОНАЦИЈАТА.

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение А склучило договор за донација со училиште во износ од 1.500.000 денари, собрани од повеќе донатори, за реконструкција и адаптација на училишни простории. Министерството за правда, по позитивно мислење од Министерството за образование, издало решение за јавен интерес.

Подоцна училиштето побарало наместо парични средства донацијата да биде во градежни и занаетчиски работи. Здружението морало да поднесе нов договор/анекс и повторно да добие позитивно решение. Бидејќи здружението не можело самостојно да ги изврши работите, спровело јавна набавка и избраната градежна компанија ги реализирала обврските. Здружението со прибраните средства ја платило изведбата, вклучувајќи го и ДДВ од фактурите.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Здружение А, како нерегистриран обврзник за ДДВ, немало право да бара враќање на платениот данок. Дополнително, не можело да ги користи даночните поттикнувања од Законот за донации и спонзорства поради две причини:

- Во прометот меѓу градежната компанија и здружението, здружението не е прима тел на донација, па ДДВ од фактурата морало целосно да го плати.
- Во прометот меѓу здружението и училиштето, здружението не е даночен обврзник и не може да искажува ДДВ во фактурата, но сепак морало да го наведе целокупниот трошок за реконструкцијата, вклучувајќи го и ДДВ платен на градежната компанија.

Напомена: Во овој случај важно е да се нагласи дека ако училиштето ја примеше донацијата во парични средства и самостојно склучеше договор со градежната компанија, трошокот за реконструкцијата ќе беше помал за износот на ДДВ. Тоа е затоа што училиштето, како прима тел на донацијата, има законски основ за враќање на ДДВ согласно Законот за донации и спонзорства.

Со тоа, со истите парични средства ќе можеше да се набават повеќе работи, што значи и поголем јавен интерес, отколку кога набавката ја врши здружението на граѓани А.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Иако здружението А не е прима тел на донацијата, сепак е имплементатор бидејќи ги прибира средствата и ја спроведува реконструкцијата пред училиштето да стане краен корисник.

ДДВто нема да се уплаќа, па враќа со комплицирана постапка. Добавувачите ќе наплаќаат без ДДВ.

Компаниите преку систем за електронска фактура ќе можат да издадат фактура без ДДВ доколку прима телот е регистриран во електронскиот регистар за прима тели на донации за активности од јавен интерес.

Наместо долга постапка и поврат на веќе уплатен ДДВ ова ќе трае неколку минути.

ПРЕДИЗВИК: При реализацијата на овој проект треба да се гледа како единствена донација која започнува со донирање на финансиски средства, а завршува со реализација на активноста – реконструкција и адаптација на училишни простории во кои е вклучен имплементатор на проектот при што ќе важат даночните поттикнувања кај данокот на додадена вредност.

СЛУЧАЈ: ОПРАВДАНОСТ НА ДОНАЦИЈА

АКТИВНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Промоција на спорт

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Трговско друштво А склучува договор за донација со здружение на граѓани во спортот. Предмет на донацијата се фитнес справи во вредност од 300.000 денари, со цел промоција на спортот. Министерството за правда, врз основа на позитивно мислење од Агенцијата за млади и спорт, издава решение за јавен интерес. По добивањето на решението, компанијата ја предава донацијата на здружението Б.

Здружението Б доставува фактура, доказ за уплата на ДДВ и решението до Министерството за финансии, кое согласно Законот за донации и спонзорства го враќа платениот ДДВ на компанијата А.
Подоцна, при контрола, даночниот орган утврдува дека здружението Б врши стопанска дејност – наплатува членарина за користење на справите, што предизвикува правна забуна околу условите за враќање на ДДВ.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Надлежниот даночен орган оценил независно од формата на регистрација, дека примателот на донација не врши јавна дејност, туку стопанска дејност, по што утврдил дека е постапено спротивно на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности од страна на давателот и примателот на донацијата.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Здруженијата на граѓани можат да вршат стопанска дејност. Приходите од дејноста тие не можат да ги поделат, туку ги користат наменски за целите за кои здружението е формирано. Проверката треба да се врши следствено на овие карактеристики и целта на донацијата.

ПРЕДИЗВИК: Потребно е попрецизно дефинирање на јавен интерес во Законот за донации и спозорства или негово поврзување со правното лице прима тел на донација. На институциите им се потребни јасни критериуми по кои можат да се водат без да имаат потреба од толкување.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

- Јавен интерес проценет според примателот

За давателот на донацијата, но и за институциите во овој случај ќе беше многу полесно доколку однапред е јасно дека дадените донации/спонзорства кон здруженијата на граѓани (или дел од нив) се ослободени од данок.

Поврзувањето на јавниот интерес со правното лице наместо со секоја поединечна донација ќе го зголеми користењето на законот и донирањето во нашата земја.
Правното лице ќе биде впишано во Регистарот на примтели на донации и спознорства за активности од јавен интерес и јасно означено дека е ослободено од данок.

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ПРОЕКТИ, НЕ СУБЈЕКТИ

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на здравјето на граѓаните

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Компанија А склучува договор за донација со јавна здравствена установа во износ од 1.000.000.000 денари, со цел набавка на опрема за компјутерска томографија. Министерството за правда, врз основа на позитивно мислење од Министерството за здравство, донесува решение со кое се потврдува јавниот интерес.

Бидејќи опремата не може да се обезбеди на домашниот пазар, здравствената установа утврдува потреба од увоз. Законот предвидува враќање на ДДВ за промет на добра, но не и за увоз, па затоа увозот го врши компанија В, која потоа ја продава опремата на здравствената установа. Компанија В додава профитна маржа од 5%, со што вредноста ја надминува износот од првичната донација.
Компанија А се согласува да обезбеди дополнителни средства за целосна набавка на опремата.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Јавната здравствена установа побарала измена на решението на Министерството за правда, приложувајќи анекс на договорот за донација со коригиран износ. Министерството за правда донело изменето решение со новата вредност.

Потоа, здравствената установа доставила до Министерството за финансии фактура за опремата, доказ за уплата на ДДВ на посебната сметка на Буџетот на РСМ, пропишан образец во два примерока и копија од решението на Министерството за правда.
Министерството за финансии извршило враќање на платениот ДДВ на компанијата В, која го извршила увозот и понатамошниот промет кон јавната здравствена установа.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Треба да се овозможи Јавната здравствена установа да прати само известување Министерството за правда, бидејќи од страна на овој орган се цени јавниот интерес, а не вредноста на средствата со кои се реализира јавниот интерес.

ПРЕДИЗВИК: Надминување на административните бариери при спроведување на донација од јавен интерес, односно поедноставување на постапката која има само промена на вредноста.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

- Промена на постапката

Законот треба да овозможи упростена постапка, јавната здравствена устапнова потребно е да биде впишана во регистарот на примателите на донации и спонзорства за активности од јавен интерес.

За набавките како апаратот или слична опрема потребно е да биде впишан во програмата на јавната здравствена установа со што ќе се оправда потребата од донации за опремата за која нема доволно ресурси во буџетот на установата.

СЛУЧАЈ: ДДВ-ТО НЕ Е ВРАТЕНО, ВИЕ ДА НИ ИСПЛАТИТЕ

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Поддршка на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение за млади таленти научници договорило донација од фармацевтска компанија. Бидејќи со донацијата требало да се купат материјали за експерименти здружението решило да користи повратна ДДВ. Следејќи ја постапката добавувачот морал да го уплати ДДВто на посебна сметка. По повеќе од 6 месеци безуспешно чекање за повратот добавувачот си го бара износот на ДДВто од здружението.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Се следела во целост постапката за потврда на јавен интерес и се добило позитивно решение од Министерство за правда. Согласно подзаконските акти добавувачот ДДВто го уплатил на посебна сметка по што со фактурата и потребните обрасци двете страни (добавувачот и здружението) ја почнале постапката за поврат во Министерството за финансии.

Бидејќи постапката траела подолго од 6 месеци добавувачот си ги барал средствата од здружението.
На крај, здружението посегнало по вонредено правно решение во институциите по што ДДВто конечно било повратено.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

ДДВто нема да се уплаќа, па враќа со комплицирана постапка. Добавувачите ќе наплаќаат без ДДВ.
Ќе се издаваат електронски фактури од ситемот на УЈП кои ќе бидат без ДДВ, а ќе се поврзат со бројот од регистарот на примателите на донации и спонзорства од јавен интерес.

Ќе нема простор за долги постапки за повраток и ризици од нарушување на односите меѓу примателите на донации, добавувачите и институциите.

Значително ќе се намали административниот товар на институциите, а донирањето и користењето на поврат од ДДВ ќе биде посигурно, електронски и без простор за грешки.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПОСТОЈНИТЕ И ИДНИ ДИГИТАЛНИ РЕШЕНИЈА

- Преку систамот за е-фактура издавање на фактура без ДДВ со повикување на бројот од регистарот/ донацијата
- Намалување на човечки фактор и простор за грешки
- Целосно безбеден ситем со дигитален отпечаток
- Постапка што трае 1 минута
- Намален административен товар за инситуциите и задоволни донатори и добавувачи



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ОБЕМНИ АДМИНИСТРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ, ПОМАЛКУ ПАРТНЕРСТВА

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Развивање едукативни активности за деца

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение на граѓани организира едукативни активности за деца, кои претставуваат јавен интерес. За реализација на проектот, здружението воспоставува партнерства со повеќе компании за донации и спонзорства.

Сепак, за секоја поединечна донација или спонзорство мора повторно да се поднесува документација до Министерството за правда за потврдување на јавниот интерес.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Се следела постапката во целост и за секој нов договор здружението повторно ја спроведува истата административна постапка, подготвува обемна документација и чека решение.
Оваа процедура одзема значителен дел од времето и ресурсите, предизвикува одложување на прибирањето средства и пролонгирање на активностите, што влијае врз навремената реализација на програмата за децата.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Организацијата ќе биде впишана во регистар на приматели на донации и спознорства за активности од јавен интерес со што значително би се олеснила административната постапка и би се заштедило на време, а организацијата ќе биде означена како доверлив прима тел на донации и спонзорства во јавни дејности.
Со ова решение:

- Административниот товар би се намалил.
- Организациите би можеле навремено да ги реализираат активностите.
- Би се зголемила предвидливоста и сигурноста за компаниите кои инвестираат во општествено одговорни проекти.

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: НИЕ СМЕ МАЛА КОМПАНИЈА, НЕ МОЖЕМЕ ДА ГО КОРИСТИМЕ ЗАКОНОТ

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение на граѓани подготвува едукативен настан за млади од областа на културата и бара финансиска поддршка од компании од локалната заедница. Неколку компании покажуваат интерес, но повеќе помали компании изразуваат резервираност за користење на механизмите од Законот за донации и спонзорства.

Тие посочуваат дека постапката за даночни поттикнувања бара дополнителна документација, административни обврски и комуникација со институциите. Дополнително, постои страв дека барањето за даночни ослободувања може да предизвика дополнителни контроли и инспекции, што значи трошок во време и ресурси.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Како резултат, дел од компаниите не ги користат законските поволности, а дел ја намалуваат или откажуваат поддршката. Ова негативно влијае врз мобилизирањето на локалната филантропија и обезбедувањето средства за активности од јавен интерес.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Добрите меѓународни практики предвидуваат дека административниот товар за докажување јавен интерес и известување за користење на средствата треба да биде насочен кон примателот на донацијата, а не кон компаниите.

Државните институции треба да создаваат средина која ги охрабрува компаниите да инвестираат во проекти од јавен интерес и да ги третираат како партнери во развојот на заедницата, наместо користењето на законските поволности да се доживува како ризик од дополнителни проверки.
За да се поттикне учеството на помалите компании, може да се воведе поедноставена постапка за донации со помала вредност – со минимални административни барања и едноставно известување.

Преку регистарот на приматели на донации и спонзорства за активности од јавен интерес, малите компании ќе бидат сигурни дека ќе можат да користат даночни олеснување однапред, нема да има постапка за секоја поединечна донација тука тие со својата завршна сметка ќе можат да ги вклучат информациите за примателите и нивниот број во регистарот.
Ефекти од ваквиот пристап:

- Намалување на бариерите за учество на малите и средни компании.
- Поттикнување на донирањето за активности од јавен интерес.
- Зголемување на вкупниот обем на средства достапни за развој на заедницата. На овој начин би се намалиле бариерите за учество на малите и средни компании во филантропски активности, би се поттикнало донирањето за проекти од јавен интерес и би се зголемил вкупниот обем на средства достапни за развој на заедницата.

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: КАКО ДА ПОТТИКНЕМЕ КОНТИНУИРАНИ ДОНАЦИИ?

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение на граѓани реализира едукативна програма за деца со поддршка од повеќе компании преку донации и спонзорства. Поради позитивните резултати, програмата продолжува и во наредните години, а кон иницијативата се приклучуваат нови компании.

Една компанија се истакнува како најголем и најдолгорочен поддржувач, обезбедувајќи повеќегодишна финансиска поддршка и придонесувајќи за стабилност на програмата. Сепак, и покрај континуираната посветеност, таа ги користи истите даночни поттикнувања како и компаниите со еднократни донации.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Компанијата не добила никакви дополнителни даночни олеснувања и и покрај долгогодишните донации во унапредување на образованието на младите.

Една од причините е тоа што Законот не предвидува дополнителни стимулации за долгорочни партнерства, што значи дека нема посебна мотивација за компаниите да преземаат повеќегодишни обврски. Како резултат, организацијата нема сигурност за планирање активности и развој на подолг рок.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Со цел поттикнување на долгорочни партнерства и повеќе донации, наместо сите донатори да имаат идентичен третман, потребно е да се воведат механизми за наградување на компаниите што обезбедуваат повеќегодишна поддршка.

Една можност е дополнителни даночни поттикнувања за компании кои склучуваат повеќегодишни договори за донации или спонзорства.

Со тоа компаниите би имале мотив за долгорочно инвестирање, а организациите би можеле постратешки да ги планираат своите програми.

ЕФЕКТИ ОД ВАКВИОТ ПРИСТАП:
Поголема финансиска предвидливост за организациите.
Поефикасно користење на ресурсите.
Посилни партнерства меѓу граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата.
Јасна порака дека државата го вреднува континуитетот, довербата и долгорочната општествена одговорност.

Согласно предлог член 2, став 4 во новиот закон:
(4) Даночниот обврзник на данокот на добивка, кој со договор заверен од страна на нотар се има обврзано секоја календарска година во период од не помалку од три години да донира дефиниран годишен износ на ист примател на донацијата, дадената донација која е одредена во договорот му се признава како расход во висина до 10% од вкупниот приход.

Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ДОЛГИ ПРОЦЕДУРИ, НАМАЛЕНА ДОВЕРБА

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Здружение за работа со деца со попреченост организира хуманитарен концерт за изградба на сензорна соба. Средствата требало да се обезбедат преку продажба на хуманитарни влезници, при што граѓаните со нивното купување ќе дадат донација за реализација на проектот. Иако навреме поднело барање за потврдување на јавен интерес за да ги искористи даночните поттикнувања, институциите не одговориле навреме и предметот бил препратен без надлежност.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Концертот се одржал според планот, но поради недонесено решение организацијата не можела да ги искористи даночните олеснувања и дел од собраните средства завршиле за даночни обврски наместо за проектот.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Институциите треба да постапуваат навремено и во законски утврдените рокови, обезбедувајќи јасни информации за статусот на барањата и причините за евентуални доцнења. Доколку е потребно вклучување на други институции, тоа мора да се реализира преку ефикасна координација без пролонгирање на одлуките.

Со транспарентно и навремено постапување, организациите ќе можат да ги реализираат активностите според планот, да ги користат даночните поттикнувања и да ја зајакнат довербата во институциите, намалувајќи ја потребата од неформални канали за остварување на законски права.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: АДМИНИСТРАТИВНИ ПРЕЧКИ, ОБЕСХРАБРЕНИ ДОНАТОРИ

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на образованието

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Комора во Скопје донела одлука да организира акција за прибирање донации од своите членки – компании, во вид на компјутерска опрема. Целта била опремата да се донира на неколку училишта во градот, со што ќе се подобрат условите за учење и ќе се овозможи пристап до современи технологии за учениците. За да се обезбеди правична распределба, здружение од Скопје се вклучило во процесот и помогнало во идентификувањето на учениците кои најмногу имаат потреба од ваква поддршка.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Во практичната реализација на акцијата, компаниите морале да потпишуваат договори директно со училиштата за донација на опремата. Потоа, училиштата склучувале нови договори со родителите и старателите на учениците кои ја примале опремата. Дополнително, од компаниите се барало да достават детални спецификации за секоја поединечна донирана единица. Овој процес се покажал како долг и сложен, создавајќи значителен административен товар за компаниите. Наместо да се охрабрат да донираат повторно, многу од нив изразиле незадоволство и резервираност, бидејќи чувствувале дека бирократските процедури ја намалуваат мотивацијата за вакви општествено корисни активности.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Новите законски измени треба значително да ги поедностават процедурите за донации.
Давателите на донации повеќе нема да бидат оптоварени со непотребни административни барања, како што се спецификации за секоја единица опрема или склопување повеќекратни договори со различни страни.

Ова ќе ја поттикне подготвеноста на компаниите да се вклучуваат во вакви иницијативи, ќе ја зголеми довербата во институциите и ќе создаде позитивна атмосфера за континуирана поддршка на образованието.



Проект: Промени за одржливост

СЛУЧАЈ: ПОВИСОКИ ЦАРИНИ, ПОМАЛКУ ДОНАЦИИ

ЈАВЕН ИНТЕРЕС: Унапредување на ситемот за противпожарна заштита

ШТО СЕ СЛУЧИЛО?

Доброволно противпожарно друштво од РСМ има потреба од дополнителна работна опрема во вид на противпожарно возило за извршување на своите задачи во справување со пожари. Стапуваат во контакт со сродно доброволно противпожарно друштво од Словенија кое одлучува да им донира едно противпожарно возило. Иако возилото било донација без надоместок, при увозот на возилото во земјава, Царинската управа пресметала и наплатила околу 1.000 евра ДДВ.

КАКО СЕ ПОСТАПИЛО?

Организацијата немала законска можност да биде ослободена од плаќање на ДДВ при увозот на донираното возило. Иако Законот предвидува даночни поволности за донации во прометот, истите не се применуваат и на увозот на донирани добра од странство. Поради тоа, организацијата морала да го плати ДДВ за да може да го преземе и користи возилото.

КАКО НОВИОТ ЗАКОН ОВА ЌЕ ГО ОЛЕСНИ?

Со дополнување на член 24 од предлог-измените на Законот за даночни поттикнувања за донации и спонзорства во активностите од јавен интерес и проширување на даночното ослободување и на увозот на добра добиени како донација, организациите нема да плаќаат ДДВ за донирани средства што пристигнуваат од странство. На тој начин ќе се отстранат непотребните финансиски бариери за прекугранично донирање, ќе се поттикне солидарноста и ќе се обезбеди донациите во целост да служат за јавниот интерес наместо дел од нивната вредност да се троши на даночни обврски.

Оваа публикација е подготвена со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас во рамки на проектот „Промени за одржливост“.

РЕЗИМЕ

Збирката на студии на случаи од примената на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ги прикажува реалните искуства на компании, граѓани, граѓански организации и институции при донирањето за цели од јавен интерес. Анализата покажува дека сегашниот закон, иако предвидува даночни поттикнувања, во пракса создава значителни административни пречки, долги процедури, правна несигурност и различни толкувања на јавниот интерес.

Студиите укажуваат на потребата од ново законско решение кое ќе овозможи поедноставени и дигитализирани постапки, регистар на приматели на донации, полесно користење на даночните олеснувања, намалување на административниот товар и поголема предвидливост за донаторите. Предложените измени имаат за цел да ја поттикнат филантропијата, да го зголемат обемот на донации и да придонесат кон поефикасна поддршка на активности од јавен интерес во Северна Македонија.

Оградување: Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението Конект и Младинската Асоцијација ИМКА и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или на организациите што ја спроведуваат.

SUMMARY

This collection of case studies presents real-life experiences with the implementation of the Law on Donations and Sponsorships in Public Activities in North Macedonia. The cases highlight that, despite providing tax incentives for donations of public interest, the current legal framework is often burdened by complex administrative procedures, legal uncertainty, inconsistent interpretation of public interest, and obstacles that discourage citizens, companies, and organizations from donating.

The publication advocates for a new legal framework that would simplify and digitalize procedures, introduce a registry of eligible donation recipients, improve access to tax incentives, reduce administrative burdens, and provide greater legal certainty. These reforms are expected to encourage philanthropy, increase donations, and strengthen support for public-interest initiatives and community development.

Disclaimer: The content of this publication is the sole responsibility of the Association Konekt and Youth Association YMCA and can in no way be taken to reflect the views of the Swiss Government, Civica Mobilitas, or the implementing organizations.